Клуб за џиу-џица СОКЕ
Бр. 03-02/1-22
07.04 2022 год.
СКОПЈЕ

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 15-1400-1848/1
07-04-2022 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
# ЗА ДОНАЦИЈА

Склучен во Скопје на ___.___.2022 година, помеѓу:

1. **КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ,** со седиште на ул. Орце Николов бр.3, Скопје, со ЕМБС 4065573 и ЕДБ 4030989254937, претставувана од М-р Андреј Јовковски, Директор на Самостојна дирекција за маркетинг и Анита Бислимовска, Директор на Самостојна дирекција за финансиско работење (во понатамошниот текст: **Давател на донација**) од една страна, и

2. **Клуб за џиу-џица СОКЕ Скопје**, со седиште на Ул. „Речиште " бр.76, 1000 Скопје, ЕДБ 4058009502478, Матичен број 6523404, претставуван од Катерина Бошковска, Претседател (во понатамошниот текст: **Примател на донација**) од друга страна.

**Член 1**

Предмет на овој Договор е донација од страна на Давателот на донацијата која се одобрува на Примателот на донацијата, преку доделување на финансиска помош за редовното функционирање и подобрување на резултатите на Примателот на донацијата.

Примателот на донацијата е спортски клуб кој со Ваучер број 08-405/530 од 10.02.2022 година издаден од Агенцијата за млади и спорт (во натамошниот текст: АМС) потврдува дека е субјект кој ги исполнува условите и критериумите согласно Законот за спортот, за користење на средства од даночно ослободување согласно Законот за данок на добивка.

**Член 2**

Давателот на донацијата на Примателот на донацијата, му одобрува финансиски средства-донација која се состои во давање на парични средства во износ од 50.000,00 денари.

Износот од претходниот став ќе биде исплатен на посебна наменска сметка број 300000004817929 во Комерцијална банка АД Скопје и од нив не смее да се префрлаат парите на редовната или друга сметка на Примателот на донацијата или да се исплаќаат обврски по договори од редовната сметка.

Давателот на донацијата ќе ги насочи средствата на наменската сметка на Примателот на донацијата, откако од Управата за јавни приходи ќе биде потврдено барањето на Давателот на донацијата за даночно ослободување за донирање на финансиски средства на спортскиот субјект Клуб за џиу-џица СОКЕ Скопје односно Примателот на донацијата.

**Член 3**

Примателот на донацијата се обврзува донацијата од член 2 да ја користи исклучиво за намените утврдени во Законот за спорт, за што е отворена посебната наменска сметка наведена во член 2 од овој Договор.

Примателот на донацијата се обврзува дека средствата од член 2 од овој Договор нема да ги врати директно или да ги користи за набавка на стоки и услуги од Давателот на донацијата или од субјектите кои се поврзани со Давателот на донацијата.

За таа цел, пред секое користење на средствата од наменската сметка за донацијата, Примателот на донацијата се обврзува да достави на Давателот на донацијата фактура или друг документ, заради увид и утврдување на постоење на неповрзаност или поврзаност со крајниот корисник на средствата.

**Член 4**

Договорните страни се обврзуваат Договорот за донација, како и секоја друга документација која е поврзана со донацијата, уредно да ја чуваат најмалку 5 (пет) години од завршувањето на календарската година во која е исполнета обврската од овој Договор.

**Член 5**

Секоја од договорните страни може да го раскине Договорот по претходно писмено известување, доколку другата договорна страна не ги исполни обврските преземени со овој Договор.

**Член 6**

За сите прашања кои не се регулирани со овој Договор ќе се применуваат позитивните прописи на законодавството на Република Северна Македонија.

**Член 7**

Сите измени и дополнувања на Договорот ќе се изготвуваат во писмена форма со Анекс кон Договорот, потпишан од двете договорни страни.

**Член 8**

Договорните страни се согласни настанатите спорови кои произлегуваат од овој Договор или од негово неизвршување, раскинување, да ги решаваат на спогодбен начин, а во спротивно надлежен е судот во Скопје.

**Член 9**

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои по 2 (два) за секоја од договорните страни.

**Член 10**

Овој Договор стапува во сила со денот на негово потпишување од страна на двете договорни страни.

| Клуб за џиу-џица СОКЕ Скопје ПРЕТСЕДАТЕЛ, | КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ САМОСТОЈНА ДИРЕКЦИЈА ЗА МАРКЕТИНГ ДИРЕКТОР | САМОСТОЈНА ДИРЕКЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ДИРЕКТОР |
|---|---|---|
| Катерина Бошковска | М-р Андреј Јовковски | Анита Бислимовска |

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А Д СКОПЈЕ 01